**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ТРИЕСЕТ И СЕДМАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 16.01.2024 година**

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2024 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Триесет и седмата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 16.01.2024 година**

Седницата започна во 11:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и шесттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **21 глас "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **21 глас "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година;
2. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје; и
3. Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година, со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје, со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, со **21 глас "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Триесет и седмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **11:15** часот.

**Број 09-409/2**
**од 30 јануари 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот